Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-361/2
05-06-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-361 од 17.5.2023 година, поднесена од [redacted] против директорот на ЈУ Зоолошка градина на град Скопје, Зоран Попов, за извршена дискриминација во областа на пол, род, етничка припадност и образование, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 1.6.2023 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за отфрлање на претставката поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под архивски број 08 – 361/1 од 17.5.2023 година поднесена од [redacted] против директорот на ЈУ Зоолошка градина на град Скопје, Зоран Попов, заради ненадлежност.

**Образложение**

На 17.5.2023 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против ЈУ Зоолошка градина на град Скопје и нејзиниот директор Зоран Попов, за извршена дискриминација во областа на пол, род, етничка припадност и образование.

Подносителката на претставката истакнува дека во текот на нејзиното дводецениско работење во ЈУ Зоолошка градина на град Скопје, се стекнала со меѓународни сертификати и вештини како ветеринарен лекар за лечење на диви, егзотични и зоо животни, со што тврди дека е единствена со вакви квалификации во Македонија. Дополнително наведува и дека е контакт лице со Европската Асоцијација за Зоолошки и Аквариуми, и тврди дека преку нејзината соработка и консултации со колеги и стручни лица од странство има директна заслуга за подемот на Зоолошката градина. Во продолжение на претставката, подносителката го опишува настанот од 4.5.2023 година – угинувањето на жирафа во ЈУ Зоолошката градина на град Скопје, при што на 5.5.2023, од страна на в.д. директорот на Зоолошката градина било донесено решение за отстранување од работа бр. 03 – 291/1. Со истото, подносителката на претставката е отстранета од работното место со надоместок на плата во висина од 50% до донесување на конечна одлука на Комисијата за поведување на дисциплинска постапка поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обрвски, и оттука, подносителката тврди дека ваквото решение е донесено без проверка на факти или постапки. Во продолжение на претставката е наведено дека решението е донесено од в.д. директорот на ЈУ Зоолошка градина на град Скопје и е истакнато дека истиот нема овластувања да носи вакви решенија, со оглед на фактот што не е законски поставен и дека вакви решенија може да носи само по налог на суд. Врз основа на претходно изнесеното, подносителката ги отфрла наводите од решението како невистинити и паушални и тврди дека работата и работните обрвски секогаш ги извршува совесно, професионално, одговорно и навремено.

Во продолжение на претставката, подносителката наведува дека води рачен интерен дневник за дневни настани и дејствија, при што во 2023 година не бил заведен настан поврзан со наведената жирафа и нејзината лоша здравствена состојба. Следствено, тврди дека до нејзе, како доктор по ветеринарна медицина, не било стигнато известување за истото ниту од самостојните зоонегователи во тој реон, ниту од главниот зоонеговател одговорен за хортикултурно уредување

и в.д. директорот. Подносителката истакнува дека за променетата состојба на жирафата прв пат била известена на 30.4.2023 година од страна на самостојниот зоонеговател од конкретниот реон, при што од нејзина страна веднаш било интервенирано и започнато со терапија, вклучително и со давање на усни напатствија на зоонегователот. Во врска со ова кон претставката се приложени Извештаите за работата на подносителката за деновите 29.4.2023, 30.4.2023 и 1.5.2023 година, за кои денови согласно решение бр. 03 – 272 од 28.4.2023, подносителката била одговорен работник.

Во претставката е наведено дека за состојбата на жирафата, подносителката се консултирала со стручни лица, колеги, доктори по ветеринарна медицина кои работат со жирафи во неколку Европски зоолошки градини. Во врска со ова, кон претставката е приложена комуникација на подносителката со координаторот на Giraffe Europe Endangered Species Program, ветеринарниот советник за таа група во ЕАЗА, колеги на подносителката од Зоо Загреб, Зоо Љубљана и Зоо Будимпешта.

Во продолжение на претставката, подносителката истакнува дека на 3.5.2023 година, заедно со нејзините колеги успешно аплицирале антибиотик, инјекционо со рака, како и пробиотик во водата која жирафата ја пиела. Дополнително е истакнато дека ваквата парантерална апликација на препарат кај жирафи е интервенција која ретко која зоолошка градина може да ја изведе заради специфичноста на градбата на животното, чувствителноста и големата количина на ветеринарно медицински препарат кој треба да се аплицира, поради што најчесто се пристапувало кон апликација од далечина со помош на дувалка или пушка под притисок. Притоа, подносителката вели дека во конктретниов случај, со цел да се избегне дополнителен стрес, страв и вознемиреност кај животното, ветеринарно медицинскиот препарат успешно бил аплициран интрамускулно – рачно. Во ваквата интервенција активно учествувале подносителката на претставката, самостојниот зоонеговател од тој реон, ветеринарниот техничар, и самостоен зоонеговател од друг реон којземал пасивно учество во интервенцијата. Подносителката наведува дека за успешното аплицирање парентерална терапија веднаш го известила в.д. директорот, како и раководителот на секторот за одгледување и нега на основно стадо и хортикулторно уредување и двајцата зоонегователи.

Во претставката се вели дека во решението со кое подносителката е отстранета од работа било наведено дека истата постапила спротивно на чл. 4 ст. 5 од Законот за благосостојба на животните. Подносителката го оспорува ова тврдење, истакнувајќи дека ваквите наводи се невистинити бидејќи по пријавата на негователите одговорни за жирафата, таа интервенирала истиот ден кога за прв пат и било пријавено. Во прилог на ова, подносителката ги доставила и Записникот за извршен инспекциски наздор каде е утврдено дека терапиите се водени од нејзина страна и евидентирани во амбулаторниот дневник, и дополнително, ветеринарно медицинските препарати биле уредно набавувани од веледрогеријата со која зоолошката градина има соработка. Во претставката е истакнато дека покрај тоа што ваквото решение е потпишано и донесено незаконски, истото било донесено пред воопшто да се изврши инспекциски надзор и пред да се прибават други резултати кои би биле клучни за утврдување на одговорноста на било кое лице.

Во продолжение на претставката е наведено дека заедно со решението, на подносителката и е врачена и наредба бр. 03 – 294/1 од 5.5.2023, која била потпишана на 2.2.2023, а заведена во архивата на 5.5.2023, што според неа, дава индиции дека ваквото постапување од страна на в.д. директорот е тенденциозно со однапред припремен настан и документ. Дополнително на ова, подносителката истакнува дека има сознанија дека в.д. директорот побарал изјави од сите самостојни зоонегователи поединечно посочувајќи им да дадат забелешки за нејзината работа, за што од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација бара да се провери и утврди законитоста во постапката.

Во претставката е исто така наведено дека од страна на в.д. директорот било поднесено писмено барање до ,,Макс Хостинг''– ДООЕЛ Скопје за промена на лозинките на нејзината службена е-маил адреса и притоа, новокреираната лозинка да биде доставена до лице кое не е вработено, туку времено ангажирано преку авторска агенција, со што е истакнато дека неовластено се навлегува и се има пристап до нејзината електронска адреса, што претставува нарушување на безбедноста на нејзините лични податоци. Во прилог на претходно изнесеното, подносителката дополнително истакнува дека со оглед на фактот што ваквото барање е со датум од 7.3.2023 година, истото дава индиции за однапред припремен документ со тенденциозна хајка против нејзе, нејзината личност, професионалност, чест и интегритет.

Во продолжение, истакнува дека има сознанија дека било повикано надворешно лице со кое Зоолошката градина има Авторски договор за одржување на компјутерите, од кого од страна на в.д. директорот усно било побарано да го хакира компјутерот на подносителката, кој бил заштитен со нејзина лична лозинка. Притоа, тврди дека бил направен упад во нејзиниот персонален компјутер со поставување на втор диск на истиот, при што биле копирани и преземени сите податоци, што претставува нарушување на безбедноста на личните податоци. Со тоа би постоела опасност од штета, како и опасност целата таа стручна документација, нејзините трудови и сè на што досега работела за нејзниното стручно усовршување, започнатите анализи и статии за започнување на нејзиниот докторски труд, да бидат злоупотребени и дадени на друго лице. Во претставката е наведено и дека во периодот откако таа и уште еден колега биле отстранети од Зоолошката градина, во нејзините административни простории и канцеларии била извршена прераспределба на вработените по канцеларии, при што двете нивни канцелариски места биле дадени на други колеги кои биле вработени на неопределено време и/или времено ангажирани со Авторски договор, што според подносителката потврдува дека целиот настан е оркестрирана хајка на в.д. директорот која е тенденциозна, дискриминирачка и однапред смислена.

Подносителката понатаму истакнува дека до денот на поднесувањето на самата претставка, не било одлучено по Приговорот на решението, односно се чека Одлука од Управниот одбор, а дополннително Зоолошката градина на град Скопје се однесува, ги врши и презема сите дејствија по наредба на в.д. директорот како да е веќе донесена одлука за отказ од вработување, што нејзе и дава за право да очекува негативен одговор на приговорот. Во продолжение, подносителката се повикува на нејзината презумпција на невиност, тврдејќи дека поради фактот што е отстранета од работното место и забранетото присуство во Зоолошката градина поради опасност од повторување на делото, нанесување на материјална штета и понатамошно оштетување на угледот на ЈУ Зоолошка градина Скопје, нема можност да пристапи до докази кои би и биле потребни за нејзината одбрана односно утврдување на одговорност.

Оттука, подносителката ги одбива наводите од решението со кое е отстранета од работното место како невистинити и додава дека, како доктор по ветеринарна медицина и Раководител на сектор за едукација, работата ја вршела задржувајќи ги високите стандарди за личен интегритет, професионална етика и грижа за јавниот интерес, почитувајќи ги целите, интересите и интегритетот на Зоолошката градина Скопје.

Согласно наводите и барањата од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во надлежностите на Комисијата.

Имено, законската дефиниција на дискриминација е содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** (Сл.весник на РСМ бр.258/20) и гласи:


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство* ***што се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група* ***врз еднаква основа со други.***

Членот 5 од истиот Закон ги наведува дискриминаторските основи: *раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека во овој случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација. Според наводите од самата претставка, Комисијата утврди дека дадените индиции упатуваат кон можни повреди на права од работен однос кои не се сторени врз некоја дискриминаторска основа. Во конкретниот случај Комисијата не пронајде основ, односно лична заштитна карактеристика на подносителката, врз основа на која таа била третирана различно во однос на останатите вработени во ЈУ Зоолошка градина Скопје.

Оттука, со цел понатамошно испитување на пријавениот случај и постапување по предметното барање, Комисијата ја испраќа претставката до надлежниот орган, односно до Државниот инспекторат за труд.

Скопје
1.6.2023 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Државен инспекторат за труд, бул. Партизански одреди бр. 48а, 1000 Скопје